**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-KomunaShutoOrizari**
**РепубликаСеверна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e MaqedonisësëVeriut**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕНОВИ НА ОСНОВАЧКО СОБРАНИЕ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ НА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Иницијативниот одбор за основање на Локален совет на млади во Општина Шуто Оризари, распишува јавен повик за пријавување на делегати за Основачкото собрание на Локалниот совет на Млади во Општина Шуто Оризари.

Повикот е отворен за сите младински организации, претставници на политички подмладоци, мрежи на младински организации, неформални младински групи и млади кои ги исполнуваат критериумите за членство одредени од страна на овој Иницијативен одбор.

## I. КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

-Да бидат на возраст од 15 до 27 години.
-Да бидат жители на општина Шуто Оризари.
-Да бидат мотивирани, креативни и способни за индивидуална и тимска работа.

## II.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

- **Потребни документи за аплицирање на младински организации и (неформални групи) кои ќе номинираат свој член:**

1. Портфолио за работа на организацијата/неформална група;
2. Извештај за работа на здружението за 2017-2018;
3. Пополнета пријава за делегат;
4. Мотивациско писмо од 200-300 зборови;

- **Потребни документи за аплицирање на млади (индивидуи):**

1. Пополнета пријава за делегат;
2. Кратка биографија (CV);
3. Мотивациско писмо од 200-300 збора;

Доколку е потребно, комисијата за верификација ќе побара од апликантите дополнителни документи за да се потврдат критериумите.

**Рокот за пријавување е од ___06.05_____ до ___10.05______ 2019 годинана следната емаил адресаinicijativenodborsovetnamladi@gmail.com**

Апликациите ќе бидат разгледувани од Комисија за верификација на членство составена од претставници наИницијативниот одбор за основање на Локален совет на млади.

Ви стоиме на располагање за дополнителни информации.

Со почит,

Датум: 06/05/2019

Иницијативен одбор на
Совет на млади на
Општина Шуто Оризари